Filip Ilievski
Digitally signed by Filip Ilievski
DN: C=MK, OU=VAT - 4017008503588, OID.2.5.4.97=NTRMK-6355218, O=PLANERIS DOOEL Kumanovo, SERIALNUMBER=144678, T=upravitel, SN=Ilievski, G=Filip, CN=Filip Ilievski
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2021-08-20 11:46:38

ПЛАНЕРИС

К У М А Н О В О

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА Г2 ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА И Б2-ГОЛЕМИ ЕДИНИЦИ ЗА ТРГОВИЈА К.П.1223/4 И ДЕ ОД К.П.1223/1 М.В.ПЕРИШ КО СВЕТИ НИКОЛЕ-ВОН ГР. ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Август 2021

Snezhana Ilievska
Digitally signed by Snezhana Ilievska
DN: CN=Snezhana Ilievska, L=MK, O=Planeris, E=snezana.urban@yahoo.com, C=" Macedonia, The Former Yugoslavian Republic", G=Snezhana Ilievska
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2021-08-20 11:45:22

| | |
|---|---|
| Место: | КО Свети Николе-вон гр. |
| Доносител: | Општина Свети Николе |
| Предмет: | Проектна програма за Г2 лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија |
| Планер: | ПЛАНЕРИС дооел Куманово |
| Адреса: | Октомвриска Револција 12-2/17 Кманово |
| Телефон: | 070 618 525 |
| Работен тим: | Снежана Илиевска диа овл.0.0048<br>Меланија Калајџиска диа овл.0.0617 |
| Тех.бр. | 03/21 |
| Дата: | август 2021 |

ПЛАНЕРИС дооел Кманово
ПРАВИТЕЛ
ФИЛИП ИЛИЕВСКИ

## Содржина:

**1. Општ дел**

1. Регистрација
2. Лиценци и овластување на носителот на планската документација


**2.Проектна програма**

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

Вовед

Цели на изработка на урбанистички проект

Основа за изработка на урбанистички проект

Граница на урбанистички проект

Концепција на организација на просторот

ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

1. Просторен план на РМ..........................................................М = 1:25000
2. Организација на поширок опфат.......................................... М = 1:25000
3. Сателитска снимка...................................................................М = 1:1000
4. Ажурирана геодетска подлога................................................М = 1:1000

Број: 0809-50/151020210002474

Датум и време: 28.5.2021 г. 12:07:05

# ПОТВРДА

## за регистрирана дејност

| ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 6355218 |
| **Назив:** | Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг ПЛАНЕРИС ДООЕЛ увоз-извоз Куманово |
| **Седиште:** | ОКТОМВРИСКА РЕВОЛУЦИЈА бр.12-2/17 КУМАНОВО, КУМАНОВО |

| ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| **Предмет на работење:** | Регистрирана е општа клаузула за бизнис |
| **Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:** | 71.11 - Архитектонски дејности |
| **Други дејности во внатрешниот промет:** | Нема |
| **Евидентирани дејности во надворешниот промет:** | Има |
| **Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:** | Нема |

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.



Scanned by TapScanner

Број: 0805-50/151020210002473
Датум и време: 28.5.2021 г. 12:05:43

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| ЕМБС: | 6355218 |
| Целосен назив: | Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг ПЛАНЕРИС ДООЕЛ увоз-извоз Куманово |
| Кратко име: | ПЛАНЕРИС ДООЕЛ Куманово |
| Седиште: | ОКТОМВРИСКА РЕВОЛУЦИЈА бр.12-2/17 КУМАНОВО, КУМАНОВО |
| Вид на субјект на упис: | ДООЕЛ |
| Датум на основање: | 21.4.2008 г. |
| Времетраење: | Неограничено |
| Деловен статус: | Активен |
| *Вид на сопственост: | Приватна |
| ЕДБ: | 4017008503588 |
| Потекло на капиталот: | Домашен |
| Големина на субјектот: | микро |
| Организационен облик: | 05.4 - дооел |
| Надлежен регистар: | Трговски Регистар |

| ОСНОВНА ГЛАВНИНА | |
|---|---|
| Паричен влог MKD: | 0,00 |
| Непаричен влог MKD: | 307.500,00 |
| Уплатен дел MKD: | 307.500,00 |
| Вкупно основна главнина MKD: | 307.500,00 |

## СОПСТВЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| ЕМБГ/ЕМБС: | 0904958425003 |
| Име и презиме/Назив: | СНЕЖАНА ИЛИЕВСКА |
| Адреса: | БОШКО БУХА бр.3 КУМАНОВО, КУМАНОВО |
| Тип на сопственик: | Основач/сопственик |



Scanned by TapScanner

| | |
|---|---|
| **Паричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 307.500,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 307.500,00 |
| **Вкупен влог MKD:** | 307.500,00 |
| **Вид на одговорност:** | Не одговара |

| **ДЕЈНОСТИ** | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 71.11 - Архитектонски дејности |
| **ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС** | |
| **Евидентирани се дејности во надворешниот промет** | |

## ОВЛАСТУВАЊА

### Управител

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ:** | 3003985420017 |
| **Име и презиме:** | ФИЛИП ИЛИЕВСКИ |
| **Адреса:** | БОШКО БУХА бр.3 КУМАНОВО, КУМАНОВО |
| **Овластувања:** | Управител-работник-ССС Гимназија Гоце Делчев Куманово |
| **Тип на овластување:** | Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет |
| **Овластено лице:** | Управител |

## ПОДРУЖНИЦИ

| | |
|---|---|
| **Подброј:** | 6355218/1 |
| **Назив:** | Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг ПЛАНЕРИС ДООЕЛ увоз-извоз Куманово-Подружница ЕДЕН Куманово |
| **Тип:** | Подружница |
| **Подтип:** | Подружница |
| **Адреса:** | ЛЕНИНОВА бр.2 КУМАНОВО, КУМАНОВО |
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 71.11 - Архитектонски дејности |

### ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ПОДРУЖНИЦАТА

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ:** | 0904958425003 |
| **Име и презиме:** | СНЕЖАНА ИЛИЕВСКА |
| **Адреса:** | БОШКО БУХА бр.3 КУМАНОВО, КУМАНОВО |



Scanned by TapScanner

| ...вања: | Раководител |
|---|---|
| | |

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **КОНТАКТ** | |
| **E-mail:** | planeris@yahoo.com |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил,
Данка Митевска

МП

Овластено лице,
Игор Божиновски



Scanned by TapScanner

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 16 став (2) Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерство за транспорт и врски издава:

# *ЛИЦЕНЦА*

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

НА

**Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг**
**ПЛАНЕРИС ДООЕЛ увоз-извоз Куманово**

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

**Ул. ОКТОМВРИСКА РЕВОЛУЦИЈА бр.12-2/17**
**КУМАНОВО, КУМАНОВО, ЕМБС: 6355218**

**СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **24.12.2025 година**

Број: **0016**

**24.12.2018 година**
(ден, месец и година на издавање)

**МИНИСТЕР**

**Горан Сугарески**

Согласно Законот за просторно и рбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20) а воврска со изработка на **Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1 м.в.Периш КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе,** Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг ПЛАНЕРИС дооел Куманово го издава следното

# РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ИЗГОТВУВАЧ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА

**изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1 м.в.Периш КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе,** тех.бр.03/21 како планер се назначува:

- Снежана Илиевска диа овл.0.0048
- Меланија Калајџиска диа овл.0.0617

Планерот е должен урбанистичката документација да ја изработи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр,32/20) како и другите важечки прописи и нормативи од обласата на урбанизмот

Управиел

Филип Илиевски

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

## СНЕЖАНА ИЛИЕВСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0048**

Издадено на: 28.10.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 став (4) од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОДНОСНО ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

## МЕЛАНИЈА КАЛАЈЏИСКА

дипломиран инженер архитект

Овластувањето е со важност до: 16.12.2023 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Број: **0.0617**

Издадено на:17.12.2018 год..

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх. знак ______
Рок на чување ______
______ 20 ___ год.
Потпис.

Арх.бр. УП1-15 384/2021
Дата 26-03-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
### за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Свети Николе, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија на КП 1223/4 и дел од КП 1223/1, м.в. "Периш", КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе.**

Површината на проектниот опфат изнесува 0,24 h и делумно зафаќа земјоделско земјиште.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y01521** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија на КП 1223/4 и дел од КП 1223/1, м.в. "Периш", КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија на КП 1223/4 и дел од КП 1223/1, м.в. "Периш", КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија на КП 1223/4 и дел од КП 1223/1, м.в. "Периш", КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Свети Николе**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 33667 од 26.01.2021 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија на КП 1223/4 и дел од КП 1223/1, м.в. "Периш", КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе. Површината на проектниот опфат изнесува 0,24 h.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на стопански комплекс со намена лесна

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија на КП 1223/4 и дел од КП 1223/1, м.в. "Периш", КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 384/2021 од 17.03.2021 година.

**Условите за планирање на просторот за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија на КП 1223/4 и дел од КП 1223/1, м.в. "Периш", КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.**

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија на КП 1223/4 и дел од КП 1223/1, м.в. "Периш", КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Неби Реџепи

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

# УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

**за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, на КП 1223/4 и дел од КП 1223/1, м.в. Периш, КО Свети Николе-вон г.р.**

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y01521

Скопје, март 2021

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

**за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, на КП 1223/4 и дел од КП 1223/1, м.в. Периш, КО Свети Николе-вон г.р.**

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Барател: Општина Свети Николе**

Тех. бр.Y01521

Раководител на задачата:
Лидија Петковска, дипл.инж.арх.

Координатор:
м-р Весна Мирчевска Димишковска
дипл.инж.зашт. жив. сред.

Vesna Mirchevska
Dimishkovska

Digitally signed by Vesna Mirchevska Dimishkovska
DN: c=MK, 2.5.4.97=VATMK-4030005576521, o=AGENCIJA ZA PLANIRANjE NA PROSTOROT, ou=AGENCIJA ZA PLANIRANjE NA PROSTOROT:4030005576521, givenName=Vesna, serialNumber=CRT3596367, sn=Mirchevska Dimishkovska, cn=Vesna Mirchevska Dimishkovska
Date: 2021.03.15 13:18:36 +01'00'

Одобрил:
д-р Душица Трпчевска Ангелковиќ дипл.инж.арх.

Dushica Trpchevska
Angjelkovikj

Digitally signed by Dushica Trpchevska Angjelkovikj
DN: o=Agencija za planiranje na prostorot, c=MK, email=d.trpcevska@app.gov.mk, sn=Trpchevska Angjelkovikj, givenName=Dushica, cn=Dushica Trpchevska Angjelkovikj
Date: 2021.03.15 13:20:46 +01'00'

Агенција за планирање на просторот
Директор:

Andrijana Andreeva

Digitally signed by Andrijana Andreeva
Date: 2021.03.15 14:06:51 +01'00'

м-р Андријана Андреева, д.и.а

Скопје, март 2021

# Местоположба на локацијата и ружа на ветрови







Општинска граница

Катастарска граница

## УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

**за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, на КП 1223/4 и дел од КП 1223/1, м.в. Периш, КО Свети Николе-вон г.р.**

**ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Имајќи ја предвид важноста на Просторниот план, со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за населените места и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член,

Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава решение за услови за планирање на просторот.

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај Условите за планирање на просторот се наменети за изградба на **стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, на КП 1223/4 и дел од КП 1223/1, м.в. Периш, КО Свети Николе-вон г.р., Општина Свети Николе**. Предметната локација зафаќа површина од 0,24 ha и делумно зафаќа земјоделско земјиште.

**Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.**

***Основни определби на Просторниот план***

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји. Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира намалување на регионалните диспропорции, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и лоцирање на преработката на простори врзани со местото на одгледување или искористување.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I – IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

*Природни карактеристики*

**Природните карактеристики** на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Предметната локација се наоѓа северно од населено место Свети Николе, на надморска височина од 290 метри.

Мерната станица е лоцирана во Штип на надморска височина од 326m со координати по **X**=41$^0$45' и **У**= 22$^0$11'. За статистичка обработка е земен период со низ на податоци од јануари-декември 1951 до 2013 год.

Климата иа овој простор е условена од следните услови: реката Брегалница, планината Плачковица и од ветровите.

Просечната годишна температура на воздухот изнесува 13,0$^0$С. Просечен годишен минимум од 11,7$^0$С и просечен годишен максимум од 14,3$^0$С. Најтопол месец е јули со 24,1$^0$С, а најстуден јануари со 1,3$^0$С. Апсолутен максимум на температурата на воздухот е забележан на 24-07-2007 година од 43,5$^0$С, апсолутен минимум на температура на воздухот е забележан на 26-01-1954 година од -22,7$^0$С, апсолутно годишно колебање од 66,2$^0$С. Просечната зимска температуре изнесува 2,6$^0$С, пролетната температура изнесува 12,6$^0$С, летната просечна температура изнесува 23,2$^0$С и просечна средна есенска температура изнесува 13,6$^0$С. Есенските температури се повисоки од пролетните.

Просечен последен пролетен мраз е на 28.03, апсолутен последен пролетен мраз бил на 28.04.1984 год. Просечен прв есенски мраз е на 6.11, а апсолутно последен есенски мраз бил на 16.10.1961 год. Мразниот период просечно трае 142 дена.

Просечната годишна сума на врнежите изнесува 473,3mm, и тоа најмногу во мај со 56,0mm, а најмалце во февруари 29,8mm, додека апсолутниот максимум на врнежите е забележан на 06.08.2007 година од 77,9mm или l/m$^2$. Зимскиот период паѓаат просечно 34mm по месец или вкупно за зимскиот период просечно 101,9mm., пролетниот период просечно паѓаат 42,7mm или вкупно за 3, 4, и 5 месец просечно паѓаат 128,2mm, летниот период просечно паѓаат 37,2mm или вкупно за 6, 7 и 8 месец 111,6mm, а во есенскиот период просечно во месеците септември, октомври и ноември паѓаат по 44,3mm или вкупно за сите месеци просекот е 132,9mm. Годишен просек на влажноста на воздухот изнесува 67%. Број на денови со снег годишно има 19, денови со град има 35, годишен број на денови со магла е 12, просечната снежна покривка изнесува 9,7cm. Просечна должина на траење на периодот со снег е 95 дена. Просечен број на ведри денови е 87, просечен број на облачни денови е 194 дена и просечен број на тмурни денови е 84.

Во Штипската котлина најчест ветер е од северозападниот правец кој дува со честина од 196‰, брзина од 3,6m/s и јачина до 10 бофори што е и најсилен ветер заедно со југоисточниот ветар кој е втор по честина од 179‰ и со брзина од 3,8m/s што е најголема брзина. Ветер со најмала честина е источниот со честина од 18‰,

2,9m/s и јачина од 8 бофори. Честината на време без ветар - тишина е 395‰ што значи дека повеќе од третина од денонокието е без ветар.

Податоците се од мерна станица Штип.

### *Економски основи на просторниот развој*

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на производните и услужни дејности во Просторниот план на Република Македонија се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на економските дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на економските дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Свети Николе со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои се условени од географските карактеристики на просторите, т.е. релјефот, течениjата на реките и слично, од изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети, а во денешно време позначајно е влијанието на деловните односи и комуникациите.

Со Просторниот план на Р Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината на чиј простор се наоѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање е "Источната развојна оска" која има добри изгледи да се оформи во источниот дел од државата и која ги поврзува градовите: Куманово - Свети Николе - Штип - Радовиш - Струмица. Во сегашно време оваа оска е со слаб интензитет, но развојот ќе го зголемува нејзиното значење. Од Струмица веќе сега еден крак води до Петрич во Р Бугарија.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да

овозможат поголема атрактивност на просторот, **заштита на природните и создадени ресурси и богатства**, сообраќајно и информатичко поврзување, **локациона флексибилност** и почитување на објективните фактори на развојот.

**Изградбата и активирањето на предвидениот стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, на м.в. Периш, КО Свети Николе-вон г.р., Општина Свети Николе на површина од 0,24 ha, ќе биде во функција на развој на локалната и национална економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.**

**Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.**

### *Користење и заштита на земјоделско земјиште*

**Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште** е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради

рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

***Водни ресурси и водостопанска инфраструктура***

Согласно Просторниот план на Република Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс” зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет. Водата како „ресурс“ ја има многу помалку од „присутните“ води

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): „Полог”, „Скопје”, „Треска”, „Пчиња”, „Среден Вардар”, „Горна Брегалница”, „Средна и Долна Брегалница”, „Пелагонија”, „Средна и Долна Црна”, „Долен Вардар”, „Дојран”, „Струмичко Радовишко”, „Охридско - Струшко”, „Преспа“ и „Дебар”.

Просторот каде се предвидува изградба комплекс за лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија во КО Свети

Николе-вон г.р., Општина Свети Николе, припаѓа на водостопанското подрачје (ВП) „Средна и Долна Брегалница" кое го опфаќа сливот на реката Брегалница од браната Калиманци до вливот во реката Вардар. На ова ВП припаѓаат и сливовите на реките: Оризарска, Злетовска, Св. Николска, Осојница, Зрновка, Козјачка и Лакавица.

ВП „Средна и Долна Брегалница" е сиромашно со вода. За сливот на реката Брегалница специфичното истекување мерено кај водомерната станица „Берово" изнесува 11,8 $l/sek/km^2$, додека на водомерните станици „Очи Пале" изнесува 5,9 $l/sek/km^2$и „Штип" изнесува 4,1 $l/sek/km^2$.

За целосно искористување на хидроенергетскиот потенцијал на водотеците во ВП „Долна и Средна Брегалница" изградени се акумулациите Градче на Кочанска Река, Пишица на реката Пишица, Мантово на реката Лакавица, Мавровица на реката Мавровица и Кнежево на Злетовска Река (дел од ХС „Злетовица"). За идниот период се предвидува изградба на акумулациите: Јагмулар на реката Брегалница, Речане на Оризарска Река и Баргала на Козјачка Река.

Согласно Просторниот план на Република Македонија основна цел во развојот на водостопанството е континуирано обезбедување на квалитетна вода до потрошувачите.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за комплексот потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно и економично водоснабдување, но истовремено и заштита на водите преку:

- Дефинирање на заштитни зони на изворникот за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во зоните (доколку водоснабдувањето на комплексот не е преку водоснабдителната мрежа на градот Свети Николе);
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Рационално и економично користење на водата преку преку примена на современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем;

Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со што ќе се дефинира режимот на хранење на бунарите и квалитетот на водата.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на квалитетот на површинските и подземните води. За таа цел потребно е стриктно спроведување на принципот на „заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување" преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем во границите на планскиот опфат;
- Третман на отпадните води во пречистителна станица и нивно испуштање во реципиентот од како нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

За наводнување на обработливите површини во ВП „Средна и Долна Брегалница” изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 25.758 ha. За планскиот период се предвидува во ова водостопанско подрачје да се наводнуваат вкупно 49.069 ha.

При изработка на планската документација да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и одводнување на обработливите површини и соодветно на тоа да се превземат мерки за нивна заштита и непречено функционирање.

Стопанскиот комплекс се наоѓа покрај реката Периш. При изработка на предметната документација да се предвиди заштитен појас покрај водотекот согласно позитивната законска регулатива

***Енергетика и енергетска инфаструктура***

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Република Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Република Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во државата над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива “Европа 2020” за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаjен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. РСМакедонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила), а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Локацијата **за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, м.в. Периш, КО Свети Николе-вон г.р., Општина Свети Николе** нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови. Така

постојниот 110 kV преносен далновод Велес-Овче Поле-Штип минува на 8,1km јужно од оваа локација.

***Гасовод-нафтовод***

**Природниот гас**, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во државата. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-СМакедонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Републиката и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Републиката, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се изгради делница-1 Клечовци-Штип-Неготино со што се овозможија поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Трасата на магистралниот гасовод од делница-1 Клечовци-Неготино минува на 5,7km источно од оваа локација.

Со Просторниот план на Република Македонија планиран е нафтоводот АМБО (Балкански нафтовод-продуктовод Бургас-Драч) кој низ Републиката ќе поминува низ Крива Паланка, Куманово, Скопје, Велес Прилеп, Битола, Ресен, Охрид и Струга. Но заради заштита на Охридското Езеро, сливните подрачја на постојните и планирани акумулации, на површинските водотеци и за заштита на природните реткости и други стратешки простори, предложен е нов порационален коридор.

Новопредложениот коридор на АМБО во Републиката почнува од Деве Баир на Македонско-Бугарската граница продолжува кон Крива Паланка - Свети Николе - Велес - Крушево - Богомила - Сопотница - Ботун и кај Лакаица влегува во Албанија. Овој коридор е усвоен на осумдесет и шестата седницата на Владата на РС Македонија, одржана на 24.05.2004 год. Точната траса на нафтоводот ќе биде дефиниран со изработка на урбанистичката и проектна документација. Трасата на планираниот Нафтовод АМБО минува на 1,7km северно од оваа локација.

## *Население*

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-

временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

**Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во Општината Свети Николе на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 18.497жители, од кои 42,5 % претставува расположива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.**

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и кори0сници на сите видови услуги.

### *Урбанизација и мрежа на населби*

**Урбанизацијата** како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија. Под поимот урбанизација се подразбира во прв ред развој на градовите изразен со порастот на нивното население, социјалните и политички функции и во изградбата и уредување на нивните просторно физички структури. Во поширока смисла урбанизацијата го опфаќа и развојот на руралните населби и простори кој е резултат на промените кои водат кон намалување на разликите помеѓу градот и селото.

Концептот на развојот и уредувањето на селските подрачја за основа ги има целите со кои е предвидено:

- Сеопфатен, рамномерно територијално распределен развој на целата територија;
- Интензивирање на функционалните врски во доменот на **стопанството** и услугите помеѓу соседните центри со координирано, заедничко организирање на активностите;

- Стимулирање на развојот на основните дејности преку активирање на локалните потенцијали, оптимално искористување на природните погодности и осовременување на производството;
- Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- Подобрување на животните услови преку плански насочено уредување на населбите и целосно опремување со елементи на комунална инфраструктура;
- Обезбедување на целосна интеграција на руралните населби во системот на населбите во функционалните единици.

**Реализацијата на предметната документација би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**

Просторниот развој на руралните населби, базиран на соодветна планска документација наметнува усогласување на истиот со планските решенија и насоки на Просторниот план на Република Македонија во сите сегменти на развојот, со особен акцент на она што значи стратешки решенија и насоки. Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна, односно:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд и населби, туристички комплекси, **стопански зони**, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели.
- Рационално користење на просторот за изградба на инфраструктурните мрежи и системи во единствени коридори дефинирани во плановите и програмите на општините;
- Усогласување на густините на населеност, изграденост и спратност, со принципите на хумано живеење и рационално искористување на просторот и урбаните содржини согласно со сите видови на заштита.

***Домување***

Од неколкуте основни функции во населбите, **домувањето** е најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а

станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Во просторно планските документи домувањето често се набљудува како последица на промените во другите развојни сфери. Примената на концепцијата на полицентричен развој го третира домувањето како посебен тип на развоен ресурс, особено битно за неразвиените подрачја како нови центри на развој.

Бидејќи вложувањето во станбената изградба чини голем дел од приходот на секое домаќинство без стан, очигледно дека во услови на рационално работење и се поостра економска конкуренција, станбеното прашање на работниците, како и оние кои бараат вработување станува се поважна развојна околност. Порастот на цената на станбената изградба и одржување ќе влијае на промена на просторната стратегија на развој на голем број претпријатија кои ќе бидат принудени да ги лоцираат своите погони таму каде веќе постојат работници со решено станбено прашање.

Просторното разместување на новите стопански претпријатија треба да се базира на постоечкиот станбен фонд во помалите населби и нивните технологии во склад со квалификационата структура на населението на таквите подрачја. На тој начин, постоечкиот станбен фонд, како една од почетните развојни ресурси на овие населби станува поттик за јакнење на постоечките и создавање на нови центри, на развој во функција на полицентричен развој.

**Во тој контекст оваа иницијатива за реализација на предметната документација, го поддржува концептот, кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој, а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.**

***Јавни функции***

Организацијата на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;
- активно учество на граѓаните во организација на работата на јавните функции;
- прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга.

Развојот на стопанството и системот на населби, економскиот развој, зголемување на степенот на вработеност и севкупната урбанизација на просторот го условува порамномерниот развој на јавни функции, како *потреба за поголем избор на занимања, потреба од соодветно образование, како и остварување на здравствена и социјална заштита.* Мотивите, интересите и инвестиционите

критериуми на приватните инвеститори, различните фондации и други непрофитни асоцијации се исто така значајни за организирање на јавните функции.

**Предложената локација за реализација на предметната документација, е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба и нема препораки за организација на јавни функции на неа, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

*Индустрија*

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Врз основа на сознанијата и определбите на "Националната стратегија за економски развој на Република Македонија" (МАНУ, 1997), како и врз основа на досегашниот развој, а особено концептот на одржлив развој, основните насоки и стратешки определби на долгорочниот развој на индустријата се следните: технолошко преструктурирање, извозна ориентација на водечките сектори и гранки; **пошироко воведување и развој на еколошки-просторно прифатливо индустриско производство со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и (или) малоотпадни (безотпадни) технологии**; зголемување на ефикасноста на производството; почитување на инвестиционите критериуми врз база на континуирано планирање и прифаќање на пазарните критериуми на стопанисување; стратегија на разместеност на индустриските капацитети која ја респектира просторната структура на факторите на разместеноста, рационалниот распоред на материјалните производствени фондови, од аспект на вкупниот простор на Републиката и потребите од комплексен развој на одделни територијални единици; развој на малите претпријатија, заради остварување на концептот на децентрализиран развој и разместеност на индустријата.

**Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**

Концепцијата за развој и разместеност на индустријата утврдена со "Просторниот план на Република Македонија" е поставена врз основа на повеќе цели и плански определби од кои посебно се издвојуваат следните:

- **вклучување на еколошките преференци во развојот на индустријата и нејзина алокација и разместување;**
- **развојот на индустријата во поголема мера да се потпира врз примената на достигнувањата на науката и на техничко-технолошкиот прогрес и иновации во технолошките процеси;**

- **технолошко преструктурирање, во склад со барањата за модернизација и реконструкција на индустријата;**
- **стратегија на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.**

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

**Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според философијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за создавање на хумано општество и окружување. Разрешувањето на конфликтите во овој систем треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компоненета на развојот.**

***Сообраќај и врски***

Комуникациската мрежа на Република Северна Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на РС Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега

изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **М-6** - (БГ - Ново Село - Струмица - Радовиш - Штип - М-5; Крак: Струмица - М-1).

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А4 (М-6)** - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село).

Во идната патна мрежа на Републиката, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Републиката ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција),
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија),
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа - М4 (крак Битола -граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Републиката.

Релевантните регионални патни правци за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегуваат во групата на **регионални патишта "Р1"** и **"Р2"** и се со ознака:

- **Р1204** - (Куманово-врска со А2-Свети Николе-Овче Поле-врска со А3-Кадрифаково-Штип-Софилари-врска со А4),
- **Р2135** - (Горно Коњаре - врска со Р2136 – с.Преод – Горобинци –Св. Николе - врска со Р1204).

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Републиката, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

**При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

**При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

***<u>Железнички сообраќај</u>***: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Републиката со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Републиката, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

1. Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:
   - СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР............................................ 213,5 km
   - СР - Блаце-Скопје ....................................................................... 31,7 km
   - СР -Кременица-Битола-Велес.......................................................145,6 km
   - БГ -Крива Паланка-Куманово ..........................................................84,7 km
   - АЛ-Струга-Кичево-Скопје...............................................................143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период меѓудругото, се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Р.С. Македонија.

Според Просторниот план на Република Македонија железничката мрежа релевантна за предметниот простор е во групата на планирани регионални железнички линии како дел од секундарната врска со соседните држави: Смоквица-Петрич, со изградба на нова железничка линија на целата релација и вклучување на локалниот правец:

- **Куманово - Штип- Струмица**

***<u>Воздушен сообраќај:</u>*** Воздушните патишта во Р.С. Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Државата треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на

интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-ИИ категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола се предвидени да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

***Радиокомуникациска мрежа и антенски системи***

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредностите пропишани со Упатството за гранични вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP – International Commission on Non-Ionizig Radiation Protection). Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.

Оператори на мобилната телефонија во Републиката се: М-Телеком, Лајкамобајл, Телекабел и А1 Македонија. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
    - региони, општини, населени места,
    - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
    - сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот.
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион, покриени е со сигнал на мобилна телефонија на мобилните оператори.

***Кабелска електронска комуникациска мрежа*** - се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да се обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД "Македонски Телекомуникации" и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Свети Николе.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.

За новите градби, изградената електронска комуникациска инфраструктура за пренос со големи брзини треба да им овозможи на сите корисници слободен избор на оператор, а на сите оператори пристап до градбите под еднакви и недискриминаторски услови.

## *Заштита на животната средина*

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по

настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Можни закани по животната средина од предвидениот за изградба комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, КО Свети Николе-вон г.р., Општина Свети Николе се: нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот.

**Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на предметната документација за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, КО Свети Николе-вон г.р., Општина Свети Николе, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**

Мерки за заштита на животната средина кои треба да се превземат со цел да се обезбеди одржлив развој на анализираното подрачје со минимално негативно влијание врз медиумите и областите во животната средина:

- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена;
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот;
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;

- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина;
- Уредување на објектите со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.

***Заштита на природното наследство***

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, документацијата треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

**Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на предметниот простор на кој се предвидува изградба на стопански комплекс со намена лесна**

**преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, КО Свети Николе-вон г.р., Општина Свети Николе, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**

Доколку при изработка на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување на природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

*Заштита на културно наследство*

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територијата на нашата држава, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други

споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина *Свети Николе*, кое е предмет на анализа има регистриран недвижен споменик на културата (Експертен елаборат):

1. *Зграда на Старата општина, Свети Николе, 20 век.*

Исто така во границите на катастарската општина *Свети Николе* има и евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет "Антарла" (Бела Чука), Свети Николе, доцноримски период;*
2. *Археолошки локалитет "Коочун",Свети Николе, праисторија ;*
3. *Археолошки локалитет "Медово Аниште", Свети Николе, среден век ;*
4. *Археолошки локалитет "Огради", Свети Николе, предримски период ;*
5. *Археолошки локалитет "Сулејманец", Свети Николе, римски период ;*
6. *Спомен гроб на Мара Нацева, Свети Николе, 20 век;*
7. *Спомен Костурница, Свети Николе, 20 век;*
8. *Црква Св.Никола, Свети Николе, 1847 год.*

Во Археолошката карта на Република Македонија[1], која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, евидентирани се следните локалитети:

КО Свети Николе - *Антарла-Бела Чука*, населба од доцноантичко време, на 3km југоисточно од градот на површина 250x100m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал; *Долни Бавчи*, населба од римско време, во строгиот центар на градот при изградба на нови објекти откриени се темели од стари згради; *Долно маало-Чамушово*, вила рустика од римско време, на 500m од градот при копање на канал откриени се темели од објект; *Дудин Дол*, населба и некропола од римско време, се наоѓа на околу 4,5km јужно од градот, на една благо закосена тераса; *Ѓурче*, могила од римско време, на 2,5km југоисточно од градот, десно од стариот пат Свети Николе-Ерџелија се наоѓа могила со пречник во основата од 15 m и зачувана височина од 4m; *Медово Аниште*, населба и некропола од доцноантичко време, на 3,7km југоисточно од градот на површина 400x200m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал; *Рудина,* населба од римско време, се наоѓа во јужниот дел од градот, на височинка што се издига на десната страна од патот кон железничката станица Овче Поле, на самиот врв има зарамнето плато, издолжено во правец север-југ кое зафаќа простор од 300x150-200m, *Свети Николај,* средновековна црква, при изградбата на новата црква Свети Николај се откриени темели од постара црква; *Свети Спас,* некропола од доцноантичко време, се наоѓа на околу 500m од центарот на градот во јужен правец, во близина на локалитетот Рудина; *Свети Стефан,* средновековна црква врз чии темели во 1910 година е изградена денешната гробишна црква Свети Стефан; *Сулејманец,* населба и некропола од

[1] МАНУ Скопје, 1996г.

римско време, на селба и некропола од римско време, на 4km источно од градот по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал.

Според Просторниот план на Република Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените *локалитети со културно наследство* и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

***Туризам и организација на туристички простори***

**Туризмот и угостителството** со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираноста, на територијата на Република Северна Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на

туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Републиката се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

**Предметната локација припаѓа на Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети.**

*Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи*

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за која се наменети Условите за планирање на просторот за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, м.в. Периш, КО Свети Николе-вон г.р., Општина Свети Николе, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства.**

**Простори со висок степен на загрозеност од воени дејства** се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

**Индиректно загрозени простори од воени дејства** се ридско- планински и субпланински простори, кои се наоѓаат во непосредна близина на просторите со висок степен на загрозеност (самите не се директно изложени на борбени дејства) или во близина на просторите за формирање слободна територија, поради што се погодни за принуден и повремен престој на борбените единици, евакуираното население и др.

Согласно со Законот за заштита и спасување, **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.**

Согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата со подзаконски акт.

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Државата има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко- хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување. Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

***Сеизмичките појави*** - ***земјотресите*** се доминантни природни непогоди во Државата, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и

намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Свети Николе.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

При појава на природни стихии, како што се **поплавите**, секое организирано општество превзема активни и пасивни мерки за организирана одбрана.

Појавата на **поплави** првенствено е поврзана со природните езера и хидрографската мрежа, но најчестиот вид на поплави и најголемата опасност од нив, сепак, доаѓа од поројните водотеци. Согласно со ова за донесување на брзи, исправни и ефикасни одлуки неопходно е да се располага со:

- однапред разработен план;
- сигурни информации за состојбата во загрозеното подрачје;
- сигурни прогностички информации за очекуваните сосотојби.

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, лујени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

**Прво ниво**: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

**Второ ниво**: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

**Трето ниво**: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот МАРС на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

***Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина***

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз

животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на предметната документација за која се изработуваат Условите, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:

- Изградбата на планираните објекти во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.
- Со имплементација на предметната документација за која се изработуваат Условите ќе има и негативни влијанија врз животната средина, во текот на подготвителните активности заради реализацијата на земјените работи и употреба на градежна механизација. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.
- Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација се нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот. Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторската област: заштита на животната средина.
- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Предметниот опфат нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- На предметниот простор за кој се изработуваат Условите, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на планската документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се

предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.

- Во делот за заштита на културното наследство, истото е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на планска документација потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- Со имплементацијата на предметната документација не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

**При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, КО Свети Николе-вон г.р., Општина Свети Николе, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

### *Усогласување на планската документација со Просторниот план*

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се ус огласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за изградба на **стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, на КП 1223/4 и дел од КП 1223/1, м.в. Периш, КО Свети Николе-вон г.р., Општина Свети Николе**. Предметната локација зафаќа површина од 0,24 ha и делумно зафаќа земјоделско земјиште.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во **Просторниот план на Република Македонија.**

### *Економски основи на просторниот развој*

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економските дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, **заштита на природните и создадени ресурси и богатства**, сообраќајно и информатичко поврзување, **локациона флексибилност** и почитување на објективните фактори на развојот.
- **Изградбата и активирањето на предвидениот стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, на м.в. Периш, КО Свети Николе-вон г.р., Општина Свети Николе на површина од 0,24 ha, ќе биде во функција на развој на локалната и национална економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.**
- **Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.**

### *Користење и заштита на земјоделско земјиште*

- Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите

и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

***Водостопанство и водостопанска инфраструктура***

- Доколку стопанскиот комплекс користи независен изворник, односно не се приклучи на водоснабдителнта мрежа на градот Свети Николе, потребно е да се дефинираат запштитни зони околу изворникот и режим на заштита во зоните.
- Со цел да се обезбеди рационално и економично користење на водите потребно е да се применуваат современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем.
- Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со што ќе се дефинира режимот на хранење на бунарите и квалитетот на водата.
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".
- Стопанскиот комплекс се наоѓа покрај реката Периш. При изработка на предметната документација да се предвиди заштитен појас покрај водотекот согласно Законот за води.

***Енергетика и енергетска инфраструктура***

- Локацијата **за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, м.в. Периш, КО Свети Николе-вон г.р., Општина Свети Николе** нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.
- За новопредвидените градби потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

***Урбанизација и мрежа на населби***

- **Реализацијата на предметната документација би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со**

**максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**

*Домување*

- **Иницијативата за реализација на предметната документација, го поддржува концептот, кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој, а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.**

*Јавни функции*

- **Предложената локација за реализација на предметната документација, е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба и нема препораки за организација на јавни функции на неа, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

*Индустрија*

- Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.
- Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.
- **Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на “одржлив” развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита и одржлив развој.**
- **Една од основните цели на концептот на развој и просторна разместеност на индустријата утврдена со Просторниот план на Република Македонија е примена на стратегијата на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.**

*Сообраќајна инфраструктура*

- Според Просторниот план на Република Македонија **автопатската и магистрална патна мрежа** релевантна за предметниот простор е:

**А4 (М-6)** - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село).

- Релевантни регионални патни правци за предметната локација влегуваат во групата на **регионални патишта "Р1" и "Р2"** и се со ознака:

  **Р1204** - (Куманово-врска со А2-Свети Николе-Овче Поле-врска со А3-Кадрифаково-Штип-Софилари-врска со А4),

  **Р2135** - (Горно Коњаре - врска со Р2136 – с.Преод – Горобинци –Св. Николе - врска со Р1204).
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).
- **При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

*Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа:*

- Локацијата **за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, м.в. Периш, КО Свети Николе-вон г.р., Општина Свети Николе** нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

*Заштита на животната средина*

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на предметната документација за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, КО Свети Николе-вон г.р., Општина Свети Николе, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Уредување на објектите со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.

*Заштита на природното наследство*

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на предметниот простор на кој се предвидува изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, КО Свети Николе-вон г.р., Општина Свети Николе, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

*Заштита на културно наследство*

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Свети Николе има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на предметната документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство

[2] МАНУ Скопје, 1996г.

и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18,20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

***Развој на туризмот***

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

***Заштита од воени разурнувања, природно и техничко - технолошки катастрофи***

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, м.в. Периш, КО Свети Николе-вон г.р., Општина Свети Николе, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

***Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина***

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на стопански комплекс со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и големи единици за трговија, КО Свети**

**Николе-вон г.р., Општина Свети Николе, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

---

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Биланс на намена на површините*

***Користење на земјиштето*** — *Карта бр. 20*

---

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Просторно-функционална организација*

## *Систем на населби и сообраќајна мрежа*

*Карта бр. 22*

Легенда:

Центар на макрорегион

Центар на микрорегион

Центри на просторно-функционални единици

Управа

Просторно-функц. единици

Граници на влијанија на макрорегион. центри

Општински центар

**Образование**

Средно Вишо Високо

**Здравствена заштита**

2 Секундарна 3 Терцијална

**Оски на развој**

источна

јужна

север-југ

северна

западна

Слободна економ.зона

Автопат

Магистрален пат

Регионален пат

Железничка мрежа

Воздухоплов. пристан.

Стопански аеродром

Спортски аеродром



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Техничка инфраструктура*

## *Водостопанска и енергетска инфраструктура*

*Карта бр. 23*

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

| Далноводи | Трафостаници |
|---|---|
| 110 kV | 110 kV |
| 220 kV | 220 kV |
| 400 kV | 400 kV |

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Заштита на животната средина*

## *Реонизација и категоризација на просторот за заштита*

*Карта бр. 24*

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



**ПРОЕКТНА ПРОГРАМА**
**За изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1 м.в.Периш КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе**

**Вовед**

Просторното и рбанистичко планирање претставува континиран процес согласен со развојната и економска политика на Македонија

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план ќе го определи урбаното подрачје опфатено со планот, врз основа на оценетите можности за развој и погодности за остварување на планираниот развој на соодветен простор преку неговата рационална организација, уредување и користење.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план ги зацртува основните правци на просторниот развиток на просторот вон населено место согласно условите за планирање на просторот со цел да се постигне оптимална просторна организираност и гункционална опременост на просторот за одреден временски период врз основа на оценетите можности за развој и погодности за остварување на планираниот развој на соодветниот простор

Проектната програма е изработена согласно Член 44 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20), а се однесува за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1 м.в.Периш КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе**

Планската програма ја изработува овластено правно лице, согласно одредбите од Член 70, пропишани во Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20), истата се одобрува од Градоначалник на Општина Свети Николе, а се заверува со потврда за заверка, во електронска форма преку електронскиот систем е – урбанизам, од страна на членовите на комисијата на органот кој ја одобрува планската програма.

Во согласност со законските одредби, пристапено е кон изработка на **Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1 м.в.Периш КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе**

Проектната програма треба да овозможи изработка на **Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1**

**м.в.Периш КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе**, со која ќе се уреди намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градби во рамките на опфатот.
Локацијата на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1 м.в.Периш КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе, опфаќа простор за кој нема изработена претходна урбанистичка документација и за таа цел се добиени Услови за планирање за просторот од Агенција за планирање на просторот Y01521 и Решение за услови за планирање УП1-15 384/2021 од 26.03.2021 год.

**Цели на изработка на урбанистичкиот проект**

Иницијатива за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1 м.в.Периш КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе е од страна на приватни инвеститори, сопственици на земјиштето во проектниот опфат

Локацијата се наоѓа на простор за кој не постои планска документација
Цел на изработувањето и донесувањето на **Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1 м.в.Периш КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе** е усогласување на планските одредби за реализација на просторот со условите зададени во Прсторниот план на РМ, урбанизација и рационално уредување на просторот и одржлив развој, дефинирање на наменска употреба на земјиштето и пропратни содржини, како и заштита и унапредување на животната средина и културното наследство, а пред се почитувајќи ја важечката законска регулатива во планирањето и уредување на просторот.
Со изработка на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план треба да се овозможи планско решение со планирање на градежна парцела за изградба на класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија, да се дефинираат сите архитектонско-урбанистички параметри, нивната функционалност, диспозиција и капацитет и максимално користење на просторот од сите аспекти.
Сето ова, усогласено со анализата која произлегува од согледувањето на сите аспекти од постојната состојба, овозможува дефинирање на основни поставки и цели на планската програма.
Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план ќе се предизвикаат позитивни импулси и ефекти врз целокупното непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, како и економски ефекти.

**Основа за изработување на урбанистички проект**

Основа на изработка на **Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1 м.в.Периш КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе** треба да бидат Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, изработени од страна на Агенцијата за планирање на просторот за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање се издава Решение за Услови за планирање на просторот.

Изработувањето и донесувањето на Урбанистички план за вон населено место да биде во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20), Законот за урбано зеленило („Сл. весник на РМ" бр.11/18), како и со другата релевантна законска и подзаконска регулатива.

**Граница и површина на проектниот опфат на урбанистички проект**

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1 м.в.Периш, со својата местоположба припаѓа на катастарска општина Свети Николе-вон гр. на територијата на Општина Свети Николе.

Границата на проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1 м.в.Периш КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе е прикажана на графичките прилози и истата се движи како што следи:

- на север границата започнува од точка 11 со координати 7578334.89, 4637889.39, свртува кон југ
-на југоисток границата се движи долж патот се до точка 5 со координати 7578300.25, 4637834.28 од каде свртува кон север се до точка 15 со координати 7578273.61, 4637877.18
-на север границата свртува се до точка 11

Во своите граници проектниот опфат целосно ги опфаќа **к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1** КО Свети Николе-вон гр., Општина Свети Николе.

Границата на проектниот т опфат може да се опише и преку координатите на прекршните точки со редни броеви од 1 до 23, а за секоја точка табеларно се дадени следните параметрите по Y и X координати:

1. X= 7578286.7124 Y= 4637853.8137
2. X= 7578288.5459 Y= 4637846.2276
3. X= 7578290.6546 Y= 4637845.7976
4. X= 7578300.2544 Y= 4637834.2808
5. X= 7578300.2544 Y= 4637834.2808
6. X= 7578303.6766 Y= 4637837.1531
7. X= 7578305.3601 Y= 4637840.8679
8. X= 7578331.2893 Y= 4637865.8743
9. X= 7578331.2893 Y= 4637865.8743
10. X= 7578334.8600 Y= 4637872.9100
11. X= 7578343.8972 Y= 4637889.3947
12. X= 7578325.3100 Y= 4637886.5600
13. X= 7578304.6200 Y= 4637882.8000
14. X= 7578298.2700 Y= 4637881.6500
15. X= 7578273.6186 Y= 4637877.1856
16. X= 7578270.6065 Y= 4637873.4472
17. X= 7578270.2636 Y= 4637873.0002
18. X= 7578269.0574 Y= 4637870.1597
19. X= 7578272.8898 Y= 4637855.0019
20. X= 7578272.8898 Y= 4637855.0019
21. X= 7578273.3838 Y= 4637854.2461
22. X= 7578282.7940 Y= 4637856.6253
23. X= 7578283.6971 Y= 4637853.0535

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно **0.20 ha**, односно **2052.4 m²**.
Периметарот на планскиот опфат изнесува **210.3 m'**.

**Концепт на организација на просторот**

Концептот на организација на просторот во рамките на предметниот **Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1 м.в.Периш КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе**, е усогласување на планските одредби за реализација на просторот со условите зададени во Прсторниот план на РМ, урбанизација и рационално уредување на просторот и одржлив развој, дефинирање на наменска употреба на земјиштето и пропратни содржини, како и заштита и унапредување на животната средина и културното наследство, а пред се почитувајќи ја важечката законска регулатива во планирањето и уредување на просторот.

Проектот кој е основен развоен документ има крајна цел да ги утврди планско-проектните и посебните услови преку параметри кои се потребни за изработка на урбанистички проект со предвидената наменска употреба на земјиштето, а кој е основа за понатамошна реализација на градба. При тоа потребно е:

-запазување на основните планерски поставки дадени во Просторниот план на РСМ

-рационално искористување на просторот

-заштита на природата и создадените ресурси

-дефинирање на површините за градење, со што ќе може да се обезбеди рационален процент на изграденост во градежната парцела, како и рационален коефициент на искористеност на земјиштето.

Просторот во рамките на планскиот опфат ќе се планира со следните класи на намена:

**Г-РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА**

**Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија**

**Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**

**Б2-Големи единици за трговија**

При планирање на сообраќајната инфраструктура потребно е да се почитува постојната улична мрежа и на истата да се надоврзе планирана улична мрежа со која ќе се обезбеди непречено одвивање на сообраќајот во рамките на планскиот опфат и сообраќаен пристап до сите планирани градежни парцели. Обврската да се реализира пристап до секоја градежна парцела да е во корелација со принципот на интерполација, а во контекст на урбанистичките стандарди, со цел да се постигне најрационално решение.

Просторниот развој треба да цели кон хармонизација на просторот, што треба да се уреди со посебните плански одредби. Планирањето на големината на градежните парцели, површините за градба, висините на градбите, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, одредување на минимален процент (на ниво на градежна парцела) на зелениот фонд со уредување на дворните места околу градбите, одредувањето на потребен број места за паркирање како и останатите урбанистички параметри да бидат во согласност со важечките стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, но одредени според специфичноста на планскиот опфат.

Доколку при изведување на земјаните работи за поставување на објектот, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ 20/04), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.

При изработување на **Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1 м.в.Периш КО Свети Николе-вон гр, Општина Свети Николе** треба да бидат почитувани сите податоци, информации и мислења добиени од органите на државната управа и другите субјекти.

ИЗРАБОТИЛ

Снежана Илиевска

____________________

СОГЛАСЕН

Сашка Стојиќ

С.Стојиќ

# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Просторно-функционална организација*

## ***Систем на населби и сообраќајна мрежа***

*Карта бр. 22*

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

**Образование**

- Средно
- Вишо
- Високо

**Здравствена заштита**

- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

**Оски на развој**

- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром






# Проектна програма за УП
# за стопански комплекс со основна класа на намена Г2 лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1 м.в.Периш КО Свети Николе-вон гр. Општина Свети Николе

Граница на УП 2441.12 м2

ЛЕГЕНДА

- Автопат А4
- Регионален пат Р1204
- Регионален пат Р2135
- Регионален пат Р2236
- Општински патишта
- Проектен опфат на УП

## ПОШИРОК ОПФАТ
## СО СООБРАЌАЈНО ПОВРЗУВАЊЕ

1:25000

ПЛАНЕРИС КУМАНОВО

| | |
|---|---|
| содржина | Поширок опфат |
| фаза | Проектна програма — У |
| планер | Снежана Илиевска д.и.а. овластување бр.0048 |
| доносител | Општина Светии Николе |
| соработник | Меланија Калајџиска д.и.а. овластување бр.0617 |
| план | УП -КО Свети Николе-вон гр. Општина Свети Николе |
| управител | Филип Илиевски |
| размер | 1:25000 |
| т.број | 03/21 |
| дата | 08.2021 |
| лист | |




# Проектна програма за УП за стопански комплекс со основна класа на намена Г2 лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1 м.в.Периш КО Свети Николе-вон гр. Општина Свети Николе

Граница на УПВНМ 2441.12 м2

## САТЕЛИТСКА СНИМКА

1:1000

ПЛАНЕРИС КУМАНОВО

| | |
|---|---|
| содржина | Сателитска снимка |
| фаза | Проектна програма — У |
| планер | Снежана Илиевска д.и.а. овластување бр.0048 |
| доносител | Општина Светии Николе |
| соработник | Меланија Калајџиска д.и.а. овластување бр.0617 |
| план | УП -КО Св.Николе-вон гр. Општина Свети Николе |
| управител | Филип Илиевски |

| размер | т.број | дата | лист |
|---|---|---|---|
| 1:1000 | 03/21 | 01.2021 | |




# Проектна прогрма за Урбаннистички проект вон опфат на урбанистички план за стопански комплекс со основна класа на намена Г2 лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Б2-големи единици за трговија на к.п.1223/4 и дел од к.п.1223/1 м.в.Периш КО Свети Николе-вон гр. Општина Свети Николе

Граница на УПВНМ 2052.4 м2

Легенда :

| | |
|---|---|
| 2523/2 | Број на Катастарска парцела |
| 512.1763 | Кота на терен |
| 53 | Број на детална точка |
| | Постојна Катастарска евиденција |
| | Помошна линија |
| | Води |
| | Помала падна линија |
| | Надземен кабелски вод |
| | Бетонско плато |
| | Бетонска бандера |
| | Надземен каблoвски ормар |

## АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

1:1000

ПЛАНЕРИС КУМАНОВО

| | |
|---|---|
| содржина | Ажурирана геодетска подлога |
| фаза | Проектна програма — У |
| планер | Снежана Илиевска д.и.а. овластување бр.0048 |
| доносител | Општина Светии Николе |
| соработник | Меланија Калајџиска д.и.а. овластување бр.0617 |
| план | УП -КО Св.Николе-вон гр. Општина Свети Николе |
| управител | Филип Илиевски |
| размер | 1:1000 |
| т.број | 03/21 |
| дата | 08.2021 |
| лист | |